Избира: Берта Додевска



**Вистинска привилегија е да ја познавате. Со јавноста комуницира само преку уметноста, вели - еден од најсублимираните начини на комуникација. Ја дефинираат со поимите андерграунд и авангарда; за неа тоа се само дел од цикличните процеси на движење на идеите во општеството, а самата работи главно минималистички и неоконцептуално. Своите дела ги изложувала во Скопје, Франкфурт, Копенхаген, Киев, Токио, Лондон, Њујорк, Виена, Стокхолм, Истанбул, Трст, Брисел, Париз, Белград... а за нив пишуваат критичари од уште повеќе центри на културата**

# Жанета Вангели

**Мултимедијална уметност е поимот за твојата работа, а заврши сликарство во Франкфурт...**

Сликарството е еден од ултимативните тренинзи на перцепцијата, кој е неопходен за кој било друг визуелен медиум. Не постои контрадикторност меѓу медиумите.

**Стручњаците во светот одат на сè поголема специјализација во своите области, за разлика од уметниците кои денес веќе и не мора да го наведуваат медиумот со кој работат. Идејата ги дефинира и ги спојува медиумите. Но, како ќе се дружат едните со другите понатаму?**

Преку заедничкиот именител - естетиката, на која не ѝ е својствено да лимитира и која е секогаш метакатегоризирачка.

**Минимализмот како правец... Имаш ли чувство дека од елитистички ќе добие популистички рамки на восприемање?**

И елитизмот и популизмот се минливи. А самите правци се ефемерни инструменти на она што не е минливо.

**Во фотографијата те интересираат, пред сè, портретите и компјутерски обработената фотографија, затоа што...**

...ме фасцинира човековата личност и контекстот во кој таа се наоѓа, реално или виртуелно. А компјутерски обработената фотографија - поради својата екстремна артифициелност...

**Видеото... Постои ли опасност да го смени односот на формата и содржината?**

Можеби, но само ако преовладува поголема фасцинација од самиот медиум отколку од идејата. А за тоа по 40-тата година е веќе доцна...

**Засега најблиску до сонот на секој уметник, кој сонува за „Gesamtkunstwerk", „тотално уметничко дело", е филмот... А каде е местото на книгите денес?**

Многу високо, се разбира. Ни тука не постои контрадикторност... напротив, иманентност.

**Твојот однос кон блокбастер филмовите од А продукција?**

Имам а приори респект кон секој вид продукција.

**Познаваш ли некој вистински мецена во уметноста?**

Неколку, но исклучително се ретки.

**Пријателствата се сосем сигурно координати на движењата на сопствената личност... Што мислиш, колку често треба да направиме „проверка" на старите пријатели и на времето што им го посветуваме?**

„Проверката" е излишна, зашто душата поседува сопствени, автохтони механизми на распознавање; симулација на пријателство е невозможна.

**Помина доста време во Франкфурт, а на Скопје му остана привлечноста, велиш, како на екстремна локација во која се чувствуваш како да живееш во неколку времиња и простори истовремено...**

Она што го прави Скопје посебен град е, пред сè, можноста за опсервација на нештата и, покрај сè - мирот, што е специфичен за овој град.